## Контактни податоци на Здравствената служба за деца и семејства

Statewide Eyesight Preschooler Screening

SHPN (NKF) 130152- Macedonian

# Државна проверка на очите за деца на претшколска возраст

Statewide Eyesight Preschooler Screening



Што треба да знаете за StEPS програмата

NSW GOVERNMENT | Health

## Што е StEPS?

StEPS програмата е иницијатива на NSW Health која им нуди бесплатна проверка на видот на сите деца на 4-годишна возраст.

## Зошто на моето дете треба да му се провери видот?

- Децата ретко се жалат на проблеми со очите
- Децата можеби не се свесни дека не гледаат добро
- Некои деца може добро да гледаат на едно око, но многу слабо на другото
- Очите на децата може да изгледаат како да се ВО РЕД и родителите/старателите можеби мислат дека нивното дете може добро да гледа, меѓутоа некои деца сепак може да имаат проблеми со видот.
- Единствениот начин да се утврди дали детето има проблеми со видот е да се направи проверка на видот посебно на секое око.



## Дали знаевте?

- Ако детето има 'мрзливо око' и ако не се лекува, тоа може да предизвика сериозно оштетување на видот или слепило на тоа око
- Ако детето има проблем со видот, колку побргу се открие и лекува проблемот, толку подобар ќе биде резултатот
- Ако родителите носат очила или имале проблеми со видот како деца, постои поголема веројатност нивните деца исто така да имаат проблеми со видот
- Откако децата ќе наполнат осум години, некои проблеми со видот кои се јавуваат во детството не може да се лекуваат и детето ќе има слаб вид цел живот – носењето очила нема да помогне
- Кај бебињата кои се родиле со мала телесна тежина и децата со невролошки проблеми постои поголем ризик да имаат проблеми со очите

## Дали треба да се провери видот на моето дете?

NSW Health советува да им се провери видот на сите деца пред да тргнат на училиште и препорачува сите деца на возраст од 4 години да учествуваат во програмата за проверка на видот.

## Како моето дете може да се вклучи во StEPS програмата?

Локалното здравствено подрачје ќе се договори со претшколските установи и центрите за дневен престој на деца за да им понуди **бесплатна** проверка на видот на сите деца на четиригодишна возраст. За да се провери видот на вашето дете ќе треба да пополнете формулар за согласност и да го вратите во претшколската установа/центарот за дневен престој што ја/го посетува вашето дете.

Исто така можете **бесплатно** да го проверите видот на вашето дете преку локалната Здравствена служба за деца и семејства (Child & Family Health Service). Контактните податоци на вашата локална Здравствена служба за деца и семејства се наоѓаат на позадината од оваа брошура.



## Како ќе знам дали моето дете има проблеми со видот?

Секој родител/старател на деца чиј вид ќе се провери ќе бидат информирани за резултатите од проценката при проверката на видот на нивните деца. Во случај да се открие проблем со видот, локалната Здравствена служба за деца и семејства ќе ве контактира и ќе ве замоли да го однесете детето кај специјалист за очи кој целосно ќе му ги провери очите.

Бидејќи очите на децата продолжуваат да се развиваат до околу 8-годишна возраст, важно е да се обезбеди видот на секое дете да се развива нормално во текот на овие години на формирање.

StEPS програмата е програма за проверка на видот и не нуди целосна дијагностичка проценка. Ако сте загрижени за видот на вашето дете, ви се препорачува да го однесете детето кај специјалист за очи кој целосно ќе му го провери видот.